*Овој број на Македонски стоматолошки преглед е посветен на I конгрес на специјалистите по болести на устата, забите и пародонтот од Југославија кој се одржа во Охрид од 1 до 3 јуни 1983 година, во организација на Здружението на специјалистите по болести на устата, забите и пародонтот од Југославија и Секцијата за болести на устата, забите и пародонтот од Македонија, а под покровителство на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.*

***Не е непотребно да се каже дека истражувачите од областа на оралната и денталната патологија дале голем придонес во развојот на стоматолошката научна мисла како целост. Тематиката на презентираните трудови на Конгресот имплицира постоење на критички интерес за истражувачки области кои се секогаш усмереи кон разрешување на проблемите од оралното и денталното здравје. I конгрес беше манифестација од која се очекува комуникацијата на резултатите на истражувачите да претставува појдовна точка во понатамошниот развој и унапредување на овие дисциплини.***

*Последниве години сѐ подоминантно е сознанието дека треба да се направат уште поголеми напори во организирано приоѓање на проблемите на кариесот и пародонтопатиите, а евалуацијата на ефикасноста на стоматолошката здравствена заштита по тие проблеми ќе вроди плод само ако во нејзиното унапредување се вклучат, покрај стручните и организираните општествени сили.*

*Во пленарниот дел на Конгресот најеминентните стручњаци од областа на орална и дентална патологија предложија усогласување на југословенско ниво на единствени класификации и номенклатури, како и тераписка доктрина во својата специјалистичка дејност.*

*Овој број, покрај главната тема на Конгресот ги објавува и заклучоците од работата на Пленарната седница. Сакаме да искажеме благодарност на сите учесници кои со своите трудови го овозможија излегувањето на овој број посветен на I конгрес на специјалистите по болести на устата, забите и пародонтот, да ја поздравиме активноста на сите учесници на Конгресот зо уверување дека оваа манифестација ќе стане традиционална и трибина на истражувањата денес и утре.*

***Главен и одговорен уредник***